# Абортус као етички, социјалну, правну и медицинским проблемом

**Гордана Панова**
Факултет за Медицински науки-Универзитета,,Гоце Делчев"Штип,Македонија

**Апстракт**

**Увод:** Етика је највећа општа наука морала односа са човеком и његовом моралном понашању. У наручју етике лежи тако људска,хумана и вредне дисциплина која му значи на од свега што ради, а то је медицинска етика. Став медицине у вези абортуса су различити и поставлјали различите рокове за раног живота фетуса. Али ово питање не само интерсира жене траже абортус пре него што постану свесни њихове трудноће, али лекари који обављају абортусе.
**Циљ:** да представи различите погледе на абортус током времена и данас. У исто време да истакне колико је важан абортуса као медицински, социјални и етички проблем за који је друштво у сталној дискусији.
**Материјал и метод**: Статистички податоци се узимају из НВО,,Ревита "из Националног института за здравље и Клиниката за гинекологија –Скопје.
**Резултати:** Инциденца побачаја је 15 до 20% свих клинички дијагнозом трудноћа. Ризик од појаве побачај расте након сваког абортуса, тако да после два узастопна побачаја је 20%, а после три узастопна побачаја је 35% побачаја се јавља у 75% жена које покушавају да затрудне.
**Дискусија:** Жене у Македонији ове године, показала је да више од половине македонских жена не користе никакву контрацепцију, а бројка је много већа међу тинејџерима старости од 15 до 19 година са 64%. Ова студија је спроведена поводом обележавања Светског дана Контрацепција 26. септембра, где је утврђено да 56% жена не користи било какав облик контрацепције, а 31% од примењених метода контрацепције није ни чула. Најчешћи одговори који испитиваних жена дале,на питања зашто употреба пилуле које су најпоузданији, најлакши за кориштење и најефикасније. Запањујућих 46% жена није информисана од стране лекара о контрацепцији јер немају потребу за информацијама. Када је у питању абортуса, 119 од 500 жена је извршила абортус. Подаци из Националног института за здравље људи само 6000 регистрованих абортуса.
**Закључак:** свака жена не одлучује на акт без довољног разматрања, али одлука да се прекине трудноћу доноси кривицу. Женска одлуке треба да се поштује, да је смишљен и рећи последице абортуса или рођења.

**Кључне речи:** абортус, рођење, труднице.

**Вовед:**Етиката е најопшта наука за моралот врската со човекот и неговото морално однесување. Во пазувите на етиката лежи една толку хумана и вредна дисциплина која на човскот најповеќе од се друго му значи, а тоа е медицинската етика. Ставот на медицината во однос на абортусот се различни и поставувале различни временски граници за почетокот на животот на плодот.

Во последните години светското јавно мислење се занимава со прашањето за абортусот.Абортуси имало уште во најраните времиња.Во минатото се употребувале разновидни билки за остранување на плодот. Во тој период не било етички проблем туку прекинот на бременоста- абортусот бил злосторство. Убиство, човекоубиство, човечката свест не правела разлика меѓу возрасен човек и човек во ембрион.

Меѓутоа овој став во последните години, е под знак прашалник. Зачетокот станува живо битие дури тогаш кога може да постои независно од мајката, т.е по своето раѓање. До овој момент тоа е само дел од телото на својата мајка. Оние што ги негирале древните христијански вредности го отвориле и проблемот околу пренаселеноста и контролата на раѓањето. Меѓутоа, подоцна утврдиле дека употребата на средствата против зачнување е слаб и недоволен метод за заштита на пошироките маси, семејни и поединечни, од несакана појава на нови членови покрај себе. Така се појавило ново движење: движење на приврзаници на абортусот или прекин на бременоста. Ова движење со текот на времето се зголемило во здружение, друштва, иницијативни групи кои почнале да организираат предавања собири и протести. Учењето и духот на Црквата да ги учат своите верници на сознанието за светињата на секое поединечно човечко суштество, од моментот на негвото зачнување до смртта и по смртта. Исто така, должни се оние кои на ваков начин ќе згрешат против таа светиња на животот , посебно со чедоубиство и да разбуди дух на покајание. Црквата не би била она што е кога не би подвлекувала и истакнувала дека каков било метод на чедоубиство е рамен на злосторство, зошто последиците се секогаш исти- лишување од живот на едно човечко суштество.

**Резултати:**Најновото истражување под мотото„ твој живот твој глас", која била спроведена меѓу жените во Македонија оваа година, покажала дека повеќе од половината од македонските жени не користат никакви средства за контрацепција, а таа бројка е многу поголема кај тинејџерките на возраст од 15 до 19 години со дури 94%. Оваа истражување било спроведено по повод светскиот ден на контрацепцијата 26 септември, при што било откриено дека 76% од жените не користат ниту едно средство за контрацепција, а за 61 % од приложените контрацептивни методи воопшто не ни слушнале. Најчести одговори што испитуваните жени ги давле на прашањата зошто ги користат пилулите се дека се најсигурни, најлесно се употребуваат и дека се најефикасни,нередовна употреба. Дури половина од жените кои не користат антибебипилули изјавиле даека не постои ниту една причина која би ги убедила да почнат да користат. Запрепастувачки 56% од жените не се информираат од страна на докторот за контрацепцијата бидејќи сметаат дека немаат потреба од информации. Кога станува збор за извршени абортуси, дури 119 од 500 жени имале извршено абортус. Податоците од Републичкиот завод за здравствена заштита се однесуваат само на 6000 регистрирани абортуси. Според невладината организација „ Ревита" во податоците од Републичкиот завод за здравствена заштита и статстички ги нема нерегистрираните абортуси, кои се 3 до 4 пати побројни. Реалната бројка е дека во Македоња има околу 30 000 абортуси годишно. На Клиниката за гинекологија официјално се вршат околу 5000 прекини на бременоста годишно, а се проценува дека во Земјава има повеќе од 30 000 абортуси годишно. Бројот на раѓања е значително помал и изнесува околу 22 000 новородени бебиња годишно. Според некои податоци

во светот годишно абортираат по околу 42 милиони жени, односно секоја 5 бременост завршува со абортус, а како последица на илегални абортуси секоја 7 минута умира по една жена.

**Абортусот како криминално-политички и казнено-правен проблем**

Ставот на нашето казнено право кон казнувањето на прекинувањето на бременоста еволуирал од начелна казнивост на секое прекинување на бременост, и казнување на самопометнувањето, до широка либерализација на абортусот. Случаите на допуштено прекинување на бременоста се регулирани со законот на прекинување на бременоста. Со уставот ( чл. 41) правото на човекот слободно да одлучува за создавање на деца е кренато на ранг на уставен принцип; Тоа право може да се ограничи само заради заштита на здравјето. Со тоа е изразен начелен став на либерализација на абортусот, а посебно треба да бидат определени случаите кога, заради заштита на здравјето, тоа може да биде противправно.

**Противправно прекинување на бременоста ( чл. 129)**

а) Делото се состои во противправно прекинување на бременоста заради уништување на плодот, од неговото зачнување до започнување на природниот процес на раѓање на детето. Ако бременоста се прекинува заради предвремено раѓање не постои ова дело. Поимот на пометнување на бременоста не опфаќа некои случаи како што се прекин на екстраутерин гравидитет, одстранување на molahydatidoza како и одстранување на претходно мртов плод. Одредбата од чл.129 содржи повеќе облици: противправно прекинување на бременоста во согласност со бремената жена (ст.1); занимање со вршење на пометнување (ст.2); прекинување на бременост без согласност на бремената жена (ст.3); потешки облици (ст.4).

Прекинување на бременоста во согласност со бремената жена (ст.1)

Делото се состои во извршување, започнување со вршење или помагање на бремената жена да изврши прекинување на бременоста ст.1( ст.2) Се работи за колективно казнено дело што се врши во вид на занимање. Делото подразбира повеќекратно извршување на дејствија определени во ст. 1, при што сторителот може да ѓи повторува истите дејствија или да превземе различни дејствија.

Прекинување на бременост без согласност на бремената жена (ст.3). Делото се состои во извршување или започнување со вршење на прекин на бременоста без согласност на бремената жена. Делото претставува противање или отсуство на согласност на бремената жена. Во првиот случај се работи за насилно прекинување на бременоста со совладување на отпорот на бремената жена. Во вториот случај се работи за измама( вршење прекин на бременост под изговор дека се врши некој друг хируршки зафат, претходна согласност што е неважечка( не е дадена свесно и волево) или за дејствие што се презема без знаење на бремената жена( давање определени абортивни средства во храната). Потешки облици (ст.4) на делата од ст.1 до ст.3 се состојат во тешко нарушување на здравјето или смрт на бремената жена.

Казна: за дело од ст.1 е пропишана казна затвор од 3 месеци до 3 години; ст.2 се казнува со затвор од 1 до 5 години; ст.3 со затвор од 1 до 5 години; тешки облици од ст.4 со затвор од 6 месеци до 5 гдини за делот од ст.1, и најмалку 1 година од ст.2 и ст.3.

**Индикации што дозволуваат абортус**

Чл.129 КЗ го казнува прекинувањето на бременоста спротивно на прописите, но овој закон предвидува дека до истекот на 10 недели од денот на зачнувањето за прекинување на бременоста слободно одлучува жената. По исклучок, прекин на бременоста може да се изврши и по истекот на 10 недела по барање на бремената жена од следниве причини:

- Кога врз основа на медицински индикации ќе се утврди дека бременоста претставува опасност по животот или ќе доведе до тешко нарушување на здравјето на жената за време на бременоста, породувањето или по породувањето;
- Кога врз основа на научни сознанија може да се очекува дека детето ќе се роди со тешки телесни или душевни недостатоци( евгеничка индикација);
- Кога до зачнување на детето дошло со извршување кривично дело: силување, обљуба врз немоќно лице, полов напад врз дете, обљуба со злоупотреба на положба или родоскврнавање ( криминалана индикација);
- Кога ќе се утврди дека во текот на бременоста или по породувањето жената би можела да дојде во тешки лични, семејни, материјални и други неприлики (социјални индикации); Притоа, како тешки лични, семејни, материјални или други неприлики се сметаат особено потешко нарушување на брачните односи, постоење асоцијални појави во семејството, тешки станбени услови, материјална необезбеденост, нарушување на здравствената состојба на член од семејството и бројот на деца во семејството. Инаку, прекинувањето на бременоста ќе се дозволи и изврши доколку се оцени дека со тоа нема да дојде до потешко оштетување на здравјето или до непосредна опасност по животот на бремената жена.

**Ставот на владата во Република Македонија кон абортусот и мерките кои ѓи превзема таа за неговото намалување.** Како најчести причини за стагнација на наталитетот демографите и социолозите ги посочуваат лошата економска ситуација, традицијата нивото на образование и миграцијата. Економските фактори поради кои младите не се решаваат на потомство се нискиот животен стандард, невработеноста и нерешеното станбено прашање. Статистиката покажува дека младите со високо образование најчесто останувaат со едно до две деца, додека оние со ниско образование имаат повеќе деца.

**Заклучок:**Дали една жена ќе роди или абортира одлуката ја носи самата таа. Дали ќе се прекине животот на едно штотуку зачнато суштество или ќе се роди одлучува жената. Одлуката е тешка бидејќи и двете можности сами по себе носат свои последници. Потребно е добро да се размисли и да се донесе правична одлука. Одлука која ќе биде најдобра и за жената, а и за луѓето кои и се важни во животот. Вагањето на последиците се од голема важност, дали да се донесе бременоста до крај или да се прекине во ран стадиум, дали да се остане мајка на претходно роденото дете или жртвувањето на мајката да донесе на свет нов живот со тешки последици за неа, се особено тешки одлуки. Жената треба да го прифати помалото зло. Не дека не треба да се грижи за своето чедо во стомакот, но не и да го ризикува својот живот, со тој акт се лиши самата од својот живот, понесена од својата љубов кон чедото во утробата честопати се сретнуваме со немили настани. Затоа секоја жена не се одлучува на тој чин без претходно добро да размисли, но сепак одлуката за прекин на бременоста носи грижа на совест. Одлуката на жената треба да се почитува, добро да се размисли и да се извагат последиците од абортусот или од раѓањето.

**Користена литература**


1Проф. Д-р. Драгомир Младенович - Гинекологија и акушерство,Белград 1983;

2. Ѓорѓи Марјановиќ-Македонско кривично право-општ дел,УКИМ,Скопје 2003;

3Проф. Д-р. Владо Камбовски-ЗКазнено право-посебен дел,УКИМ,Скопје 2003;

4.Радишич -Медицинско право - Белград- 2008

5. Д-р Глигор Палчевски- Гинекологија и акушерство- УКИМ,Скопје,1981

6. Службен весник број: 87/2013

Интернет ресурси:

www.dnevnik.com.mk

www.forum.com.mk

www. abortusNE.org.mk